**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 17.01.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 436 | 1 | |


# ИЗВЕШТАЈ

**за преземените активности на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во насока на следење на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста и на изворите на финансирање во периодот од 01 јули до 31 декември 2016 година**

**Јануари, 2017 година**

## СОДРЖИНА

Вовед....3

Промени на сопственичката структура....4

Недозволена медиумска концентрација....5

Јавност во работата на радиодифузерите....6

# ВОВЕД

Во однос на активностите коишто Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги презеде во насока на следење на сопственичката структура на радиодифузерите, во втората половина на 2016 година таа донесе две одлуки со кои дозволи промена на сопственичката структура на ТВ Гурра од Кичево и на РА Арачина од Скопје.

Во извештајниот период Агенцијата, исто така, донесе и една одлука за поведување постапка за утврдување на постоење недозволена медиумска концентрација, по службена должност, кај ТВ Канал Визија од Прилеп.

Во јули и во ноември 2016 година, согласно Годишниот план за вршење административен надзор за 2016 година, Агенцијата изврши редовни административни надзори над сите радиодифузери во врска со исполнувањето на обврската од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) која се однесува на обезбедувањето јавност во работењето. Со првиот надзор беше констатирано дека обврската не ја исполниле ТВ Арт од Тетово, РА БИ-КИ-АЛ од Битола, РА Аљбана од Куманово и РА Лав од Охрид, а со вториот дека оваа обврска не ја исполни само РА БИ-КИ-АЛ од Битола. Над овие радиодифузери беа спроведени контролни надзори со кои беше утврдено дека сите во целост го отстраниле прекршувањето.

## 1. ПРОМЕНИ НА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА

Според член 41 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 132/14 и 142/16), пред спроведување на било каква промена на сопственичката структура, радиодифузерите се должни да ја известат Агенцијата и не смеат да ја спроведат промената пред таа да биде одобрена од страна на Агенцијата.

Во втората половина од 2016 година Агенцијата донесе две одлуки со кои дозволи промена во сопственичката структура на два радиодифузери, и тоа на ТВ Гурра од Кичево и на РА Арачина од Скопје.

**Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево** до Агенцијата достави Известување за промена на сопственичката структура на 01.09.2016 година. Промената која ја побара радиодифузерот се однесуваше на истапување од сопственоста на единствениот сопственик на телевизијата, физичкото лице Сејдин Исени од с.Стрелци, Осломеј, Кичево, и пристапување на физичкото лице Мерита Адиљи од с.Србица, Осломеј, Кичево. Со предложената промена не се создаваше недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и не се прекршуваа одредбите од Глава 4 од овој Закон, поради што Советот на Агенцијата донесе одлука со која ја одобри истата.

На 27.09.2016 година, Известување за промена на сопственичката структура до Агенцијата достави **Радиодифузното трговско друштво АРАЧИНА Џавит ДООЕЛ с.Арачиново, Арачиново**. Со него беше побарано одобрение за истапување на физичкото лице Џавит Сулејмани од Арачиново, Скопје, и за пристапување на физичкото лице Исмаили Муарем од Скопје. Откако констатираше дека нема законски пречки ова физичко лице да биде сопственик на радиодифузер, Советот на Агенцијата ја одобри и оваа промена.

## 2. НЕДОЗВОЛЕНА МЕДИУМСКА КОНЦЕНТРАЦИЈА

Во декември 2016 година, стручната служба на Агенцијата користејќи ги единствените матични броеви на физичките лица кои се јавуваат како управители или основачи на радиодифузерите, како и единствените матични броеви на правните лица кои се основачи на радиодифузерите, изврши увид во Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија за да констатира на кои други трговски друштва овие лица се јавуваат како основачи.

Целта на оваа проверка беше да се обезбеди следење на усогласеноста на работењето на радиодифузерите со одредбите од член 37 – Ограничувања за стекнување сопственост и член 39 – Недозволена медиумска концентрација од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на Република Македонија бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16). Имено, во членот 37 од Законот утврдени се ограничувањата за стекнување на сопственост кај радиодифузерите, односно предвидени се праговите до кои едно лице (физичко или правно) може истовремено да се јавува како сопственик на два или повеќе радиодифузери. Во членот 39 се наведени дејностите кои се смета дека се неспоиви со радиодифузната дејност, односно трговските друштва кај кои ни основачите, ни носителите на функција на управување во радиодифузерите, ниту пак самите радиодифузери не смеат да се јавуваат како основачи. Па така, наведено е дека недозволена медиумска концентрација во смисла на овој закон, ќе се смета дека постои доколку физички или правни лица кои се основачи на радиодифузери, како и физички лица кои се носители на функции на управување во радиодифузери, или пак самите радиодифузери се јавуваат истовремено како основачи на следните трговски друштва: издавач на печатен медиум којшто издава дневен весник што се дистрибуира на подрачјето на кое се емитува радио и/или телевизиската програма; новинска агенција; друштво за реклама и пропаганда; друштво за истражување на пазарот и јавното мислење; друштво за дистрибуција на аудиовизуелни дела; друштво за филмска продукција и оператор на електронски комуникациски мрежи кој обезбедува реемитување или емитување на радио/телевизиски програми. Исто така, недозволена медиумска концентрација постои и кога физички или правни лица кои се основачи на радиодифузери, како и физички лица кои се носители на функции на управување во радиодифузери се јавуваат истовремено како поврзани лица (согласно член 36) и како основачи на радиодифузери спротивно на одредбите од член 37.

Со извршениот увид беше констатирано дека управителот на Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп, физичкото лице Рубинче Крстески, се јавува како основач на Друштвото за маркетинг, услуги и трговија МЕГА МЕДИА увоз-извоз ДОО Прилеп, со учество од 50% во основната главнина на правното лице. Според податокот од тековната состојба, приоритетната дејност/главна приходна шифра на ова правно лице е 73.11 – Агенција за маркетинг.

Постапувајќи во рамки на својата законска надлежност да поведува постапки за утврдување недозволена медиумска концентрација по службена должност, Советот на Агенцијата на својата 41-ва седница, одржана на 29.12.2016 година, донесе Одлука за поведување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација, по службена должност, кај **Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп**.

Согласно член 43 став 2 од Законот, Агенцијата побара од ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп, во рок од 45 дена од денот на приемот на Одлуката за поведување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација по службена должност, да ги достави во Агенцијата сите податоци од значење за одлучувањето.

За време на пишувањето на овој извештај во Агенцијата беше доставена изјава од управителот на ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп, во која, меѓу другото, наведува дека итно ќе истапи од сопственоста на Друштвото за маркетинг, услуги и трговија МЕГА МЕДИА увоз-извоз ДОО Прилеп.

## 3. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Согласно Годишниот план за вршење административен надзор за 2016 година, во втората половина на 2016 година Агенцијата изврши два редовни административни надзори (во јули и во ноември) над исполнувањето на обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми, според која радиодифузерите се должни податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година да ги објават на сопствената програма, најмалку три пати годишно, во ударни термини и снимката од објавата да ја достават до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

Со надзорот кој се однесуваше на исполнувањето на оваа обврска во вториот предвиден рок (најдоцна до 30 јуни 2016 година) беше констатирано дека обврската не ја исполниле четири радиодифузери, и тоа: ТВ Арт од Тетово, РА БИ-КИ-АЛ од Битола, РА Аљбана од Куманово и РА Лав од Охрид. Агенцијата писмено ги опомени овие радиодифузери и им наложи во рок од 45 дена да го усогласат своето работење со одредбите од Законот за медиуми. Со контролните надзори над овие радиодифузери спроведени во август 2016 година беше констатирано дека сите во целост ја исполниле обврската за обезбедување јавност во своето работење, односно сите ги објавиле податоците и до Агенцијата доставиле снимка од објавата.

Оваа обврска во третиот предвиден рок (најдоцна до 31 октомври 2016 година) не ја исполни само РА БИ-КИ-АЛ од Битола, поради што Агенцијата му даде дополнителен рок од 45 дена да ја исполни истата. Контролниот надзор над овој радиодифузер беше спроведен во декември, при што беше констатирано дека тој во целост постапил по опомената и го отстранил прекршувањето на член 15 став 3 од Законот за медиуми.